


Натура 2000 е мрежа на заштитени подрачја која ги опфаќа највредните и најзагрозени видови, живеалишта и птици во Европа.

Натура 2000 не претставува систем на строги природни резервати од каде што се исклучени сите човечки активности. Пристапот кон зачувување и одржливо користење на природните ресурси со кои располага едно Натура 2000 подрачје е многу поширок и во голема мера заснован на луѓето кои работат со природата, наместо против неа.
Потребно е да се управува со подрачјето на одржлив економски и еколошки начин.

Дознајте повеќе за Натура 2000
http://natura2000.eea.europa.eu/#

Дознајте повеќе за проектот:
http://natura2000.gov.mk/

ЕУ за ТЕБЕ

За прашање контактирајте на info@natura2000.gov.mk

Оваа публикација е изработена со помош на Европската Унија. За нејзината содржина, единствено се одговорни Сектор природа во МЖСПП, СИКЕ, или конзорциумот и истата не мора да ги одразува ставовите на Европската Унија.

Автори на фотографиите: Претставници на Сектор за природа - МЖСПП, Општина Ресен и твининг проектот.

# НАТУРА 2000

## За природата
## За луѓето
## &
## Потенцијално Натура 2000 подрачје
## ПРЕСПАНСКО ЕЗЕРО



"Зајакнување на капацитетите за ефективно спроведување на европското законодавство во областа на заштитата на природата"

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање
METSÄHALLITUS FORSTSTYRELSEN
SYKE Finnish Environment Institute
TWINNING
NATURA 2000

Овој проект е финансиран од Европската Унија

## ЗОШТО НИ Е ПОТРЕБНА НАТУРА 2000 ЗА ПРЕСПАНСКОТО ЕЗЕРО?

**Преспанското Езеро е важно не само за Република Северна Македонија, туку и за Европската Заедница и за светот.**

Од 2010 година Преспанското Езеро е вклучено во Националната Емералд мрежа на подрачја од интерес за зачувување на ЕУ, согласно обврските од Бернската конвенција.

Како земја кандидат, Република Северна Македонија со влез во ЕУ ќе има обврска да воспостави европска мрежа на заштитени подрачја – Натура 2000. Натура 2000 подрачјата се назначуваат согласно одредбите од Директивата за птици и Директивата за живеалишта, како два главни правно обврзувачки акти на Европската Унија за заштита на природата. Мрежата Натура 2000 покрај примарната заштита на природните вредности нуди можности за социо-економски развој преку искористување на екосистемските услуги.

Мрежата НАТУРА 2000 придонесува за ублажување и прилагодување кон климатските промени, снабдување со квалитетна вода, обезбедување на храна, отворање на нови работни места, наука и образование, здравје и безбедност, развој на екотуризам и социјална кохезија.

### Посакувана визија

**Преспанското Езеро и неговиот брег е подрачје кое во себе содржи високи природни вредности за Европската Заедница.**
**Поволен конзервациски статус на сите живеалишта и видови кои се под заштита на Директивите за живеалишта и птици.**
**Човечките активности се во хармонија со природните процеси, посетителите уживаат во екотуризмот и здравата животна средина.**

**Подрачјето на Натура 2000 создава дополнителни економски придобивки за локалното население и за заедницата.**

Општина Ресен може да се гордее со можноста Споменикот на природа „Преспанско Езеро" да биде едно од првите предложени подрачја во мрежата на Натура 2000, а со тоа и да се приклучу во заедничката мрежа на ЕУ.

Второ најголемо езеро во Северна Македонија

24 значајни видови за Европска Унија

12 значајни живеалишта за Европската Унија

## МОЖНОСТИТЕ ВО НАТУРА 2000

### ЗА ОДРЖЛИВ ТУРИЗАМ

Во Европската Унија, подрачјата на Натура 2000 интензивно се користат за практично учење и рекреација. Рекреативните активности и спортот може да се практикуваат и без негативно да се влијае врз заштитените подрачја!

Идеи кои може да се реализираат во идното Натура 2000 подрачје „Преспанско Езеро" се:





Набљудувачница за птици на Преспанското Езеро




"Водич за птиците во Република Северна Македонија"



Организирани тури за набљудување на птици за различни возрасни групи.

### ЗА ОДРЖЛИВО ЗЕМЈОДЕЛСТВО

Конкурентното земјоделство има потреба од здрава животна средина и природни ресурси, достапни во заштитените подрачја. Од друга страна, здравата животна средина и заштитата на природата имаат потреба од земјоделецот. Еко-пасиштата се алтернативен начин на управување, кој игра исклучително важна улога за одржување на екосистемите.






Локалните производи со логото на заштитеното подрачје носат повеќе придобивки!

## ВИЕ како дел од НАТУРА 2000

ЕУ Директивите за природа ѝ оставаат простор на секоја земја членка да одлучи, во консултација со засегнатите страни, за тоа кој е најдобриот начин да се управува со подрачјата на Натура 2000. Секое од подрачјата на Натура 2000 е единствено, па затоа не постои „општоприменливо" правило на управување.

**Помогнете да се заштити Преспанското Езеро (живеалиштата и видовите) од национално и меѓународно значење!**

**Бидете совесни, однесувајте се одговорно!**

- Доколку сте жител на подрачјето или патувате низ него, не ги уништувајте неговите природни вредности.
- Не предизвикувајте пожар. Тој го убива живиот свет!
- Не преземајте градежни активности. Тие негативно влијаат врз значајната природа на подрачјето!
- Вклучете се и бидете активни! И вие можете да помогнете во собирањето на податоци за заштитените видови и живеалишта во вашето подрачје.

**Бидете фармер!**

**Прочитајте повеќе за земјоделството во Натура 2000**

Традиционалното земјоделство поволно влијае врз зачувувањето на ливадите и пасиштата, па затоа ЕУ финансиски ги поддржува земјоделците во Натура 2000 подрачјата.

**Бидете активни и учествувајте!**

- Чувајте го подрачјето за вашите деца и внуци!
- Избегнувајте ископување на песок и активности во чувствителните подрачја.
- Управувањето со Натура 2000 подрачје треба да се заснова врз внимателното планирање со вклучување на сите засегнати страни со следење на насоките од Планот за управување со Споменикот на природа Преспанското Езеро.
- Организирајте кампања со вашето семејство, пријателите и заедницата за да го соберете расфрлениот отпад во природата.

## ЕДИНСТВЕНО - ПРЕСПАНСКО ЕЗЕРО






Рамсар подрачје од 1995 година

Значајно подрачје за растенија (ЗПР - „IPA") од 2010

Прекуграничен биосферен резерват (Охрид-Преспа) според УНЕСКО (2014)

Водните екосистеми се дом на многубројни микроорганизми, безрбетници, инсекти, мовови, риби, растенија, птици и цицачи.

Запознајте се со типичните живеалишта во и околу Преспанското Езеро!



3150 - Природни еутрофни езера со Magnopotamion или Hydrocharition



3260 - Водни текови од рамнински до планински нивоа со вегетација Ranunculion fluitantis и Callitricho-Batrachion



Со цел да се зачува поволниот статус на зачуваност на природните вредности (живеалиштата и видовите), **важен фактор е квалитетот на водата во Преспанското Езеро.**



Ридска желка - *Testudo hermanni*



Скалеста гуштерица - *Podarcis muralis*



Македонска гуштерица - *Podarcis erhardi*



Степска гуштерица - *Podarcis tauricus*

**Дали знаевте дека некои видови не се својствени за нашата природа? Тие потекнуваат од други земји, па дури и од други континенти. Тие не се дел од природните вредности на една држава, но постепено стануваат доминантни, истиснувајќи ги вистинските вредности на живеалиштата.**



Багрем (*Robinia pseudacacia*)



Јавор (*Acer negundo*)



Индиго (*Amorpha fruticosa*)

## ЗНАЧАЈНИ СУВИ ЛИВАДИ - ВОДЕН ЕКО СИСТЕМ

**Околу Преспанското Езеро постојат две вредни живеалишта кои се единствени за целата земја. Оттука произлегува нивното значење!**



6260*
Панонски песочни степи
во близина на село Штрбово



6220*
Псевдостепи
со треви и
едногодишни
растенија
Thero-Brachypodietea

* Приоритетни живеалишта или видови на кои им се заканува исчезнување и имаат посебен третман низ цела Европа

**Отворените површини од сувите ливади, имаат посебна вредност за разновидноста на видовите и за луѓето.**
**За да се одржуваат во поволна состојба овие уникатни живеалишта потребно е да се косат и напасуваат, а шетањето во природа е корисно за секој од нас!**

**Одржувајте ги чисти за сите туристи!**

Кога патувате околу Преспанското Езеро, или пловите по него, разгледајте наоколу! Ќе бидете вистински сведоци на животот на големиот број на видови на птици!



Мал корморан
*(Microcarbo pygmaeus)*



Далматински
кадроглав пеликан
*(Pelecanus crispus)*



Мала бела чапја
*(Egretta garzetta)*



Голема бела чапја
*(Ardea alba)*



Гривеста чапја
*(Ardeola ralloides)*



Рибарче
*(Alcedo atthis)*



Алдрованда
*(Aldrovanda vesiculosa L.)*

Сè што сакаме
е да пливаме во
бистра и чиста вода!



Видра
*(Lutra lutra)*

# ЕКОСИСТЕМИ НА ВОДОТЕЦИ И МОЧУРИШТА

Останати се само мали локалитети со проточни води и мочуришни екосистеми. Чувајте ги, бидејќи се многу значајни за повеќето видови.



91E0*
Алувијални шуми со Евла *(Alnus glutinosa)* и Јасен *(Fraxinus excelsior)* *(Alno-Padion, Alnion incanae, Salicion albae)*



3280
Медитерански реки со постојан тек, со растителната заедница *(Paspalo-Agrostidion)* и надвиснати состоини од врби *(Salix sp)* и Бела топола *(Populus alba)*



7220* - *(Cratoneurion)*
Извори со тврда вода со активно формирање на травертин или туф



3270 - Реки со калливи брегови со вегетација *(Chenopodion rubri p.p.)* и *(Bidention p.p.)*

**Иако само мали делови од овие живеалишта се наоѓаат околу Преспанското Езеро, сепак, тие се многу богати со видови. Затоа се значајни и за природата и за луѓето! Секој од нас може да придонесе да ги зачуваме за идните генерации!**

**Наједноставното нешто што можете да го направите за да ги заштитите загрозените видови е да ги запознаете!**



Гаталника *(Hyla arborea)*



Горска жаба *(Rana dalmatina)*



Рибарка *(Natrix tesselata)*



Блатна желка *(Emys orbicularis)*

**Старите дрвја се дом на голем број на заштитени видови инсекти. Не негодувајте кога ќе ги видите паднатите стебла оставени на земја. Тие сѐуште се полни живот!**